**З А П И С Н И К**
**бр. 15**

Од одржаната 15-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 18.07.2018 год. со почеток во 12:30 ч, во салата за состаноци во општината. Седницата започна со сите советници освен Маја Илијева која беше оправдано отсутна. Останати присутни: Кристијан Савев, Ленче Илиова,Кире Горгиев и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Усвојување на записникот од 14-тата седница.**
2. **Квартален извештај за период 01.01.-30.06.2018 година**
3. **Годишен извештај за работата на училиштето „Синиша Стоилов“ Зрновци за учебната 2017 -2018год.**
4. **Одлука за давање на приоритет на проектот: Адаптација, санација и подобрување на енергетската ефикасност на Културен дом во с.Видовиште за конкурирање на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 321**
5. **Одлука за согласност за намената на инвестицијата општина Зрновци да конкурира на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 321 со проектот: Адаптација, санација и подобрување на енергетската ефикасност на Културен дом во с.Видовиште**
6. **Одлука за давање на приоритет на проектот: Пешачка патека на улица Илинденска во с.Зрновци за конкурирање на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 322**
7. **Одлука за согласност намената на инвестицијата општина Зрновци да конкурира на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 322 со проектот: Пешачка патека на улица Илинденска во с.Зрновци**
8. **Одлука за давање на приоритет на проектот: Локален пат с.Мородвис до археолошки локалитет Црквиште и археолошки локалитет Манастириште, с.Мородвис – за конкурирање на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 323**
9. **Одлука за согласност намената на инвестицијата општина Зрновци да конкурира на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 323 со проектот: Локален пат с.Мородвис до археолошки локалитет Црквиште и археолошки локалитет Манастириште, с.Мородвис**
10. **Решение за измена и дополнување на решението за именување на управниот одбор на јавната општинска установа за деца –детска градинка ,,Бисерчиња,, с.Зрновци –Општина Зрновци**
11. **Разно**

Тек на седницата:

- Претседателот ги поздрави сите присутни, ја отвори седницата и побара дискусија по дневниот ред. Претседателот предложи нови точка на дневниот ред и тоа:

**11-та точка**:. **Одлука за давање на приоритет на проектот: Локален пат од МВ„Оризни гумна“ до МВ „Друмот“во с.Видовиште за конкурирање на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 321 преку Центарот за развој на источниот плански регион**

**12-та точка: Одлука за согласност за намената на инвестицијата општина Зрновци да конкурира на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 321 со проектот: Локален пат од МВ„Оризни гумна“ до МВ „Друмот“во с.Видовиште преку Центарот за развој на источниот плански регион,**

**13-та точка: Одлука за давање на приоритет на проектот: Локален пат од МВ„Фудбалско игралиште“ до МВ „Малеово“во с.Зрновци за конкурирање на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 323 преку Центарот за развој на источниот плански регион,**

**14-та точка: Одлука за согласност за намената на инвестицијата општина Зрновци да конкурира на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 323 со проектот: Локален пат од МВ„Фудбалско игралиште“ до МВ „Малеово“во с.Зрновци преку Центарот за развој на Источниот плански регион,**

Дневниот ред со предложената нова точка беше усвоен со 8-ЗА гласа.



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

1. **Усвојување на записникот од 14-тата седница.**

Претседателот ја отвори точката за дискусија. За збор се јави Виктор Новков кој кажа дека во точка 6 од записникот стои дека советниците гласале да се намали цената на водата за пиење на 20 ден а немало никакво гласање. Се разви дискусија околу тоа дека имало само договоарање а не и гласање. Кристијан Савев спомна и дека е направена техничка грешка во точка 6.На крај се донесе заклучок текстот дека имало гласање да се изфрли. Записникот со предложените измени се усвои со 7 ЗА гласа и 1 воздржан.

2. **Квартален извештај за период 01.01.-30.06.2018 година**

Претседателот ја отвори точката за дискусија и даде збор на Ленче Илиова. Таа ги појасни деловите од редовниот квартален извештај со давање на можност за прашања. За збор се јави Виктор Новков кој праша дека во извештајот стои дека општината должи на Градежен инстутут одредена сум. Зошто била таа? Му беше одговорено дека станува збор за стар долг кој и не е толку голем но имало недоразбирање околу квалитетот на извршената работа. На крај извештајот беше усвоен со 8-ЗА гласа.

3. **Годишен извештај за работата на училиштето „Синиша Стоилов“ Зрновци за учебната 2017 -2018год.**

Претседателот ја отвори точката на дневен ред и даде збор на директорот Кирчо Горгиев. Тој накратко ги појасни материјалите од извештајот кои беа доставени до советниците во материјалите. Виктор Новков праша дали имало оваа година деца на кои им била потребна парична помош за екскурзија. Одговорот беше 1 дете но и тоа се одлучило да оди со фолклорната секција а не на екскурзија.Немаше друга дискусија и извештајот беше усвоен со 8-ЗА гласа.

4. **Одлука за давање на приоритет на проектот: Адаптација, санација и подобрување на енергетската ефикасност на Културен дом во с.Видовиште за конкурирање на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 321**

*Претседателот отвори дискуија по точката и даде збор на Благој Данев кој појасни дека станува збор за распишан јавен оглас за проекти од страна на АФПЗРР по 3 мерки и дека општината самостојно ке конкурира со дадените проекти по трите мерки а Центарот за развој на Источниот плански регион ке конкурира по 2 мерки и споменатите проекти и одлуки се наши предлози како општина Зрновци. Во продолжение тој ги појасни сите 5 проекти, нивната локација и мерка.*

*Советниците во пакет ги изгласаа сите одлуки со 8-ЗА гласа.*

5. **Одлука за согласност за намената на инвестицијата општина Зрновци да конкурира на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 321 со проектот: Адаптација, санација и подобрување на енергетската ефикасност на Културен дом во с.Видовиште**
6. **Одлука за давање на приоритет на проектот: Пешачка патека на улица Илинденска во с.Зрновци за конкурирање на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 322**
7. **Одлука за согласност намената на инвестицијата општина Зрновци да конкурира на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 322 со проектот: Пешачка патека на улица Илинденска во с.Зрновци**
8. **Одлука за давање на приоритет на проектот: Локален пат с.76 Мородвис до археолошки локалитет Црквиште и археолошки локалитет Манастириште, с.Мородвис – за конкурирање на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 323**
9. **Одлука за согласност намената на инвестицијата општина Зрновци да конкурира на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 323 со проектот: Локален пат с.Мородвис до археолошки локалитет Црквиште и археолошки локалитет Манастириште, с.Мородвис**
10. **Решение за измена и дополнување на решението за именување на управниот одбор на јавната општинска установа за деца –детска градинка ,,Бисерчиња,, с.Зрновци –Општина Зрновци**

Претседателот отвори дискусија по точката. Тој ги прочита двата записника од страна на ДГ Бисерчиња околу изборот на Совет на родители и именување на преставници во УО на градинката:

Совет на родители: Сандра Зафирова, Љупка Ристова, Силвана Спасова,Марија Манасиева и Маја Атанасова. Претседател: Марија Манасиева За членови во УО биле избрани: Силвана Спасова и Сандра Зафирова.

Од редот на вработени а член во УО била избрана воспитувачката Анета Петрова. Решението беше донесено со 8-ЗА гласа.

11. **Одлука за давање на приоритет на проектот: Локален пат од МВ„Оризни гумна“ до МВ „Друмот“во с.Видовиште за конкурирање на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 321 преку Центарот за развој на источниот плански регион**
12. **Одлука за согласност за намената на инвестицијата општина Зрновци да конкурира на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 321 со**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

**проектот: Локален пат од МВ„Оризни гумна“ до МВ „Друмот“во с.Видовиште преку Центарот за развој на источниот плански регион,**

13. **Одлука за давање на приоритет на проектот: Локален пат од МВ„Фудбалско игралиште“ до МВ „Малеово“во с.Зрновци за конкурирање на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 323 преку Центарот за развој на источниот плански регион**
14. **Одлука за согласност за намената на инвестицијата општина Зрновци да конкурира на јавниот повик на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој по мерка 323 со проектот: Локален пат од МВ„Фудбалско игралиште“ до МВ „Малеово“во с.Зрновци преку Центарот за развој на Источниот плански регион,**
15. **Разно**

Претседателот отвори дискусија по точката. За збор се јави Виктор Новков кој праша дали ке има свечена седница на Советот и дали ќе се положува цвеќе на први или втори август. Му беше одговорено од страна на претседателот дека уште не е познато и дека може свечената седница да биде и при крај на јули а Кристијан Савев кажа дека најверојатно ќе има уште една седница до август и дека тогаш ке се прецизира. Викрот Ангелов праша дали возилот на КЈП е префрлено и дали е регистрирано? Тој праша и дали е зимано вода за испитување од делот од селото кај камбаната? Ако не е дали може да се земе? Тој праша и дали мандатот на директорот на КЈП е продолжен или ќе има реизбор? Тој побара до советниците да им се достави Статутот на КЈП.

Седницата заврши во 13:55

**Записничар** | **Претседател на Совет на општина Зрновци**
**Благој Данев** | **Владо Ристов**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)